

# УЛОГАТА НА ДСЗИ И ПОДАТОЦИ ОД ИЗВЕШТАИТЕ СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ

**2009/2010/2011/2012/2013**

**Д-р  Вера Менковска**

**Скопје, Октомври 2013**



# Кој го спроведува Надзор над законот

- Инспекцискиот надзор над примената на Законот за заштита на правата на пациентите го врши Државниот санитарен и здравствен инспекторат, како орган во состав на Министерството за здравство, со што е обезбеден повисок квалитет во заштитата на правата на пациентите.

- Изготвена е Инструкција за надзор над примената на законот, со што се обезбедува унифициран пристап при надзорите и водењето на постапките од страна на на сите инспектори.



# Во болничка здравствена установа

Државниот санитарен и здравствен инспектор при увид во болничките здравствени установи во кои се сместуваат пациенти, контролира дали се исполнети обврските:

- на видно и лесно достапно место да е истакнат текстот на Законот за заштита на правата на пациентите;
- дали е назначен советник за заштита на правата на пациентите, односно означена “канцеларија за советник за заштита на правата на пациентите“;
- дали се води досие за секоја усна и писмена поплака на пациентите.



# Во болничка здравствена установа

Болничката здравствената установа, врз основа на одредбите од законот ,,треба да формира, внатрешни контролни тела“ и тоа:

- Комисија за контрола на квалитетот на здравствената заштита, (која што врши процена на медицинските постапки);
- Комисија за етички прашања, која расправа за прашања од областа на медицинската етика.



# Вонболничка здравствена установа

Државниот санитарен и здравствен инспектор при контрола во здравствената установа во која не се сместуваат пациенти, контролира

- дали е исполнета обврската  на видно и лесно достапно место,  да е истакнат  текстот на законот и;
- дали се води досие за секоја усна и писмена поплака на пациентите.



## Обврска на општините

Општините односно Градот Скопје, согласно одредбите од законот, имаат обврска за формирање на постојана

- Комисија за унапредување на правата на пациентите.
- и јасно да ја означат канцеларијата на Комисијата како "Канцеларија на Комисијата за унапредување на правата на пациентите".



# Обврска на Фондот за здравствено осигурување

Фондот има обврска во секоја подрачна единица да определи на лесно и достапно место и јасно да означи

- “Канцеларија за стручна помош на осигурените пациенти,  при остварувањето и заштитата на нивните права од здравственото осигурување“.



# И З В Е Ш Т А Ј

**И З В Е Ш Т А Ј**

**ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР СОГЛАСНО ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИТЕ ЗА ПЕРИОД**

**ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ**

**2009, 2010, 2011, 2012,**

**ЈАНУАРИ-СЕПТЕМВРИ 2013**



## Инспекциски надзори 2009/10/11/12,13година

- Извршените инспекциски надзори за периодот во 2009, 2010, 2011, 2012 и прва половина од 2013 година согласно Законот за заштита на правата на пациентите покажуваат  генерално дека општите одредби од Законот се исполнети во болничките и останатите здравствени установи, односно
- истакнат е на видно место Законот,
- пациентите се запознаваат со нивните права и
- се води евиденција во досиеата за поплаките и претставките од страна на пациентите.



# Поднесени претставки до ДСЗИ

Претставките кои што се доставуваат во писмена или усмена форма се решаваат од страна на подрачните одделенија, иститe главно се однесуваат на неадекватен третман од страна на здравствените работници, некоректен однос на здравствени работници, неукажана здравствена заштита, за почитување на приватност, работно време, не рефундирани средства за лекови и сл.

Овие преставки директно се доставуваат од страна на пациентите до Инспекторатот за решавање.



# Сумиран табеларен извештај за 2009

| Здравствени установи во Р.М. | Редовен надзор (за I и II шестомесечие од 2009г.) | Надзор по подн.пријави од пациенти (за I и II шестомесечие од 2009г.) | Преземени мерки Решенија/ (за I и II шестомесечие од 2009г.) |
|---|---|---|---|
| Болнички ЗУ | 77 + 70 =147 | 17 + 22 =39 | 60 + 55 =115 |
| Други ЗУ | 319 + 459 = 778 | 12 + 34 = 46 | 141 + 120 =261 |



# Сумиран табеларен извештај за 2010

| Здравствени установи во Р.М. | Редовен надзор за (за I и II шестомесечие) 2010г. | Надзор по подн.пријави од пациенти За (за I и II шестомесечие) 2010г. | Преземени мерки Решенија/Пријави за 2010г. |
|---|---|---|---|
| **Болнички ЗУ** | 95 + 173 = **268** | **19** + 34 = 53 | **4** + 27 = 31 решенија |
| **Други ЗУ** | **295 + 682= 977** | **22 + 26 = 48** | **39 +** **2 пријави** |



# Сумиран табеларен извештај за 2011

| Здравствени установи во Р.М. | Редовен надзор за (за I и II шестомесечие) 2011г. | Надзор по подн.пријави од пациенти За (за I и II шестомесечие) 2011г. | Преземени мерки Решенија/Пријави за 2011г. |
|---|---|---|---|
| Болнички ЗУ | 204 | 84,<br>7 усни,<br>17 тел.во МЗ | 19 решенија<br>+ 1 пријава |
| Други ЗУ | 715 | 25 | 40 решенија +<br>2 пријави |




# Сумиран табеларен извештај за 2012

| Здравствени установи | Редовен надзор | Надзор по подн.прij. од пациен. | Преземени мерки | | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Решенија | Пријави | |
| **Здравствени установи** | **Редовен надзор** | **Надзор по подн.прij. од пациен.** | **Преземени мерки** | | **Постигнати резултати** |
| | | | **Решенија** | **Пријави** | |
| Здравени установи - болнички | **542** | **137** | **42** | **1** | Поднесените преставки се решени во рок , позитвно во законските можности, за дел од нив инициран е стручен надзор до Министер за здравство во врска со лекувањето и третманот на пациентите. |
| Здрав.устан. во која не се смест.пациен. | **773** | **66** | **69** | **3** | Истакнат текст на законот, уредно водење на евиденција |
| **Општина** | | | | | |
| Комисија | | | Не е формирана комисија во сите општини во државата, во вкупно 42, во дел од нив е формирана но не е активна, а од 2011 формирана е и активна Комисија на ниво на Град Скопје | | |
| Подрачно одделение на ФОНД | | | | | |
| Канцеларија за стручна помош | | | Определени се канцеларија во подрачни единици на ФЗО, ( вкупно 29 подрачни служби и во Град Скопје ) | | |




# Јануар – Јуни 2013 година

| Здравствени установи | Редовен надзор | Надзор по подн.приј. од пациен. | Преземени мерки | | Постигнати резултати |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Решенија | Пријави | |
| Здравени установи - болнички | 504 | 68 | 20 | 1 | Поднесените преставки се решени во рок , позитвно во законските можности,<br>за дел од нив инициран е стручен надзор до Министер за здравство во врска со лекувањето и третманот на пациентите. |
| Здрав.устан. во која не се смест.пациен. | 421 | 54 | 11 | 1 | Истакнат текст на законот, уредно водење на евиденција |
| **Општина** | | | | | |
| Комисија | | | Не е формирана комисија во сите општини во државата, во вкупно 42, во дел од нив е формирана но не е активна, 2011 формирана и активна Комисија на ниво на Град Скопје | | |
| Подрачно одделение на ФОНД | | | | | |
| Канцеларија за стручна помош | | | Определени се канцеларија во подрачни единици на ФЗО, ( вкупно 29 подрачни служби и во Град Скопје ) | | |



# Заклучок

Од извршените надзори констатирано е следното:

- Не е назначено лице за заштита на правата на пациентите во Министерството за здравство;
- Не е формирана Државна комисија за унапредување на правата на пациентите;
- Не се формирани комисии на ниво на општините во сите  општини во државата;
- Определена е „Канцеларија за стручна помош на осигурените пациенти,  при остварувањето и заштитата на нивните права од здравственото осигурување“ во подрачни единици на ФЗОМ и во Град Скопје;



Инспекторатот по првичните надзори донесе решенија со кои се задолжени здравствените установи да постапат согласно Законот онаму каде што се констатира дека не е постапено

- да се истакне законот,
- да се формираат внатрешните тела во болниците;
- во единиците на Локалната самоуправа во повеќето општини каде немаат формирано комисија за правата на пациентите, укажано е истото да се направи;
- како и во подрачните единици на ФЗОМ



Претставките кои што се доставуваат во писмена или усмена форма се решаваат од страна на подрачните одделенија на инспекторатот, и истите главно се однесуваат на:

- неадекватен третман од страна на здравствените работници,
- неукажана здравствена заштита,
- непочитување на приватност,
- не рефундирани средства за лекови  и сл.

Овие преставки директно се доставуваат од страна на пациентите до Инспекторатот за решавање.



- Претставките кои што се доставуваат во писмена или усмена форма се решаваат од страна на подрачните одделенија, истите главно се однесуваат на неадекватено лекување и третман, особено кога исходот е летален, некоректен однос на здравствени работници,  неукажана здравствена заштита - болничка, не рефундирани средства за лекови,  не извршена интервенција поради забрана од страна на ФЗО за приватни болници, за договорни услуги, за листа на чекање, за стоматолошки услуги и нефункционални протетски помагала, проблеми околу начинот на упатување, издавање на болнички упати, не издавање на медицинска документација, поради дискриминација



# Назначување на советници во ЗУ

- Назначен е советник за заштита на правата на пациентите на:
- Клиниката за Онкологија, Скопје,
- ЈЗУ Општа болница Гостивар,
- ЈЗУ Клиника за хируршки болести Св. Наум Охридски во Скопје,
- ЈЗУ Клиничка болница Тетово,
- ЈЗУ специјалчна болница за белодробни заболувања во с. Лешок.



## Извештај од Советникот за заштита на пп од ЈЗУ Клиника за онкологија - Скопје

Во **2009г.** се поднесени вкупно

65 - поплаки од ЈЗУ Клиника за онкологија (од кои 58 усни, 6 усни со составен записник, 1 писмена)

- 10 - полаки од ЈЗУ клиника за хирургија и ЈЗУ Клиника за гинекологија и акушерство

Поплаките воглавно се однесуваат на заштитата на

- правото на второ стручно мислење,
- правото на информираност,
- правото на хумана постапка со терминално болни пациенти,
- правото на болничко сместување,
- повредата на начелото на хуманост,
- на дополнителната дејност на клиниката и др.



Во периодот до октомври месец **2010** се поднесени:

- 30 поплаки од ЈЗУ Клиника за онкологија – Скопје,
- една од ЈЗУ клиника за пулмологија,
- една од ЈЗУ Клиника за неврологија

Најчесто поплаките се однесувале на:

- заштитата на правата од областа на з.о.,
- достоинството на пациентот,
- правото на избор на здравствен работник,
- правото на болничко сместување,
- надомест на патни трошоци,
- правото на приватност при прегледите,
- правото на информираност и др.



Во периодот до декември месец **2011** се поднесени вкупно

26 - поплаки од ЈЗУ Клиника за онкологија

Поплаките воглавно се однесуваат на заштитата на

- правото на почитување на достоинство,
- правото на информираност,
- правото на хумана постапка со терминално болни пациенти,
- правото на второ стручно мислење,
- повредата на начелото на хуманост,
- на дополнителната дејност на клиниката и др.
- Во периодот до декември месец **2011г**. се поднесени



Во периодот јануари-декември **2012** се поднесени вкупно

48 - поплаки од ЈЗУ Клиника за онкологија

10 - поплакаи во ЈЗУ Општа болница Гостивар

6 - поплаки од Клиничка болница Тетово

Поплаките воглавно се однесуваат на заштитата на

- правото на почитување на достоинство,
- Од здравствено осигурување,
- Напалата на средства за странски државјани
- Право на промена на лекар
- правото на информираност за здравствената состјба,
- правото на второ стручно мислење,
- повредата на начелото на хуманост,
- на дополнителната дејност на клиниката и др.



- Советници за права на пациенти- 2013

- Клиника за онкологија- 34 претставки од пациенти за совети и консултации
- Општа болница Гостивар- 12 усни поплаки
- Специјална болница во Лешок- нема претставки од пациенти
- Клиничка болница Тетово- усни поплаки
- Хируршка клиника Св.Наум Охридски-усни поплаки



Благодарам на вниманието!